Бр./Nr 12-965/2

30-06-2022 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-тата седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по пријавата со број 12-1136/1 од 11.03.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со број 12-1136 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-1136/1 од 11.03.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Во пријавата се изнесени наводи кое се однесуваат на несовесно постапување и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на ///, службено лице ///, со цел остварување лична корист. Изнесени се наводи за незаконска исплата на авторски хонорари, неспроведување или незаконско спроведување јавни набавки и непочитување на легислативата од областа на трудовото законодавство. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Докази кон пријавата не се доставени.

По разгледување на наводите во пријавата ДКСК се обрати со барање за надлежно постапување и прибирање податоци, информации и документација за конкретниот случај до Државен управен инспекторат, Државен инспекторат за труд и Управа за јавни приходи, кои доследно постапија по барањата на ДКСК. Вака обезбедените докази, ДКСК ги достави до Управа за финансиска полиција, а воедно побара и нејзино надлежно постапување за конкретниот случај. Постапувајќи по барањето на ДКСК, Управа за финансиска полиција извести дека од нејзина страна се обезбедени докази во врска со наводите од пријавата, конкретно во врска со неспроведувањето или незаконското спроведување на јавните набавки и за утврдените состојби ќе биде известен надлежниот јавен обвинител за преземање понатамошни мерки и дејствија.

Од горе наведеното, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за натамошно постапување согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, заради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: м-р Д. Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**